# ПРОФИЛ
# на Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје

Согласно позитивните законски одредби од Законот за трговски друштва, Кодексот за корпоративно управување на котираните друштва на Македонска берза, Статутот и другите внатрешни акти на Друштвото, Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, определува дека за членство во Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, потребно е да се исполнуваат следните минимални услови:

- лицето да е државјанин на Република Северна Македонија;
- да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- лицето да има минимум три години работно искуство, а доколку лицето треба да се избере за претседател на Надзорниот одбор, истото треба да има минимум пет години работно искуство;
- лицето да поседува личен интегритет и етика;
- лицето да поседува професионално искуство и знаење што е релевантно за дејноста на Друштвото и неговата функција;
- лицето да поседува способност и достапност за активно и конструктивно учество во дискусиите и одлучувањето на Надзорниот одбор;
- за потребите на вршење на обврските кои произлегуваат од членството во Надзорниот одбор, лицето да е на располагање минимум 30 работни часа во текот на календарскиот месец.

Во процесот на избор на членови на Надзорниот одбор, Друштвото има дискреционо право да определи и други критериуми за избор, а со цел задоволување на потребите од квалитетно и посветено работење, во интерес на акционерите на Друштвото.

Скопје, 02.03.2023

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ